Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-409
Дата: 12.09.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство на електрична енергија ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско, со седиште и адреса на вршење на дејноста-Производство на електрична енергија од биомаса на ул. Автопат бр. 4 Градско, застапуван од Ванчо Георгиев–управител, со ЕМБГ . Со Записник ИП1бр. 29-409 од 19.08.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 18 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за производство на електрична енергија ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско, со седиште на ул. Автопат бр. 4 Градско:

- Да постави опрема за континуирано мерење на концентрациите на гасови ($NH^3$ и $H_2S$) во амбиентниот воздух, кои се емитираат од инсталацијата за Производство на електрична енергија од биомаса.
  Рок: 90 (девеесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, во поведената инспекциска постапка над субјектот на надзор Друштво за производство на електрична енергија ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско, со седиште и адреса на вршење на дејноста-Производство на електрична енергија од биомаса на ул. Автопат бр. 4 Градско, со решение го задолжи: Да се утврди присуството на загадувачки материи во околината од фугитивните

извори на емисија на вршење на дејноста-Производство на електрична енергија од биомаса, односно да се изврши процена на можните влијанија од активностите кои создаваат фугитивни емисии во животната средина.

[redacted]

Субјектот на надзор достави Извештај за процена на влијанијата на миризби со индикативни мерења на концентрација на гасови од страна на Лабораторијата АМБИКОН при Универзитетот Гоце Делчев Штип со бр. 0503-28/134 од 15.08.2025г.

По добивање на извештајот изготвен е записник бр. 29-409 од 19.08.2025г. во кој е наведено дека согласно горенаведениот Извештај - Непосредно во зоната на инсталацијата, по периметарот на истата не се утврдени мерливи концентрации на амонијак и сулфур водород, односно концентрациите се под праговите на детекција. Мониторингот е индикативен, извршен на 12.08.2025г. од 10.16-10.39 часот.

Во препораките од Извештајот, заради тоа што резултатите се однесуваат исклучиво за периодот на мерење кој е краток, а заради тоа што гасовите како $NH^3$ и $H_2S$ имаат многу ниски прагови на миризба (посебно $H_2S$), како и заради променливиот карактер на изворите на миризба, се препорачува имплементација на континуиран систем на мерење на амбиентната концентрација на амонијак и сулфур водород (како главни носители на миризба) во амбиентниот воздух, со најниски технички можни прагови на детекција.

Субјектот при надзорот изрази спремност за имплементирање на препораките од Извештајот.

Заради подолгорочни поплаки на граѓаните за присуство на амонијак и миризба во амбиентниот воздух, огласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 47 од Законот за животната средина, а врз основа на член 200 став 1 точка 18 од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган или суд, а во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

Жалбата се поднесува во два примероци и се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-409 на ден 12.09.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243